Врз основа на чл. 52, ст. 1, ал. 16 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 99/2009 и 115/2010), Универзитетскиот сенат, на 26. седница одржана на 14.9.2010 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

1. Универзитетскиот сенат дава согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, донесена на седница на Наставно-научниот совет на 30.6.2010 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Велимир Стојковски, с.р.**

Врз основа на член 80, член 81, член 83 и член 97 од Статутот на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје и член 16 и член 37 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во состав на Универзитетот „Св.Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр. 114 од 30 март 2009 година, Наставно-научниот совет на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје, на седницата одржана на 30.06.2010 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за измена и дополнување на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје

### Член 1

Во член 16, став 1, т. 3 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр. 114 од 30 март 2009 година под потточка 3.2. се додава нова потточка 3.3. која гласи:
„3.3. Катедра за криминологија и пенологија"

### Член 2

Во член 16, став 1, т. 5 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје во состав на Универзитетот „ Св.Кирил и Методиј" во Скопје, објавен во Универзитетски гласник бр. 114 од 30 март 2009 година називот на катедрата наведена во потточка 5.1. се менува и гласи:
„5.1. Катедра за воведни и теоретски правни науки"

### Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во јавното гласило на Универзитетот.

**Д Е К А Н,**
**Проф.д-р Борче Давитковски, с.р.**